РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.04-573/12
20/04/2021 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 52 став (1) и став (2) ОД Законот за административни службеници(Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014,48/2015,154/2015,5/2016,142/16,142/2016 и 11/2018 И Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/20), Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**Одлука**
**за избор за унапредување на административен службеник**
**по Интерен оглас бр.01/2021**

1.За извршител на работните цели и задачи на работното место Советник за администрирање на постапките за јавни набавки со шифра на работно место УПР0101В01000 во Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината при Сектор за финасиски прашања во Општина Делчево се избира:
-административниот службеник **Стојчевска Стефанија .**
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 од оваа Одлука,по завршување на постапката за избор и конечноста на ова одлука,врз основа на Решение за унапредување на административен службеник донесено од Градоначалникот на Општина Делчево.
3.Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник за пополнување на работното место Советник за администрирање на постапките за јавни набавки со шифра на работно место УПР0101В01000 во Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината при Сектор за финасиски прашања,формирана со Решение од Градоначалникот на Општина Делчево бр.04-573/6 од 07.04.2021 година,во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните цели и задачи од точка 1 на ова Одлука,а по објавениот Интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.01/2021 од 01.04.2021 година, Комисијата за унапредување и селекција изготви Записник од административна селекција за интерен оглас со број 04-573/9 од 16.04.2021 година,Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат со број 04-573/10 од 16.04.2021 година ги достави до Градоначалникот на Општина Делчево.

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Делчево одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

По завршување на постапката за избор односно конечноста на Одлуката, Градоначалникот ќе донесе Решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на РМ во рок од осум(8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општината.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**